Архивски бр. 08- 1860/1
датум 06-06-2022

# ЗАПИСНИК
## ОД УВИД ВО ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 20.04.2022 година во 8.30 часот, согласно Планот за надзор бр. 08-33/4 од 31.01.2022 година, го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Основниот кривичен суд Скопје.

Претходно, со писмо од 15.02.2022 година претседателот на Основниот кривичен суд Скопје беше известен за претстојниот надзор и беше доставен список на документација која треба да биде подготвена за увид.

Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју на Ѓурѓена Костадиновска, самостоен судски референт од одделението за аналитика која не извести дека во судот има систематизирано 70 места за судии од кои се пополнети 55, а реално во судот работат само 50 судии бидејќи еден е делегиран во ОС Куманово, на тројца им мирува судиската функција и еден е на долготрајно боледување. Во однос на судската администрација и помошен технички персонал со систематизацијата се предвидени 615 работни места, а пополнети се само 273.

Согласно наведеното видно е дека во судот недостасува персонал. Беше наведено дека има недостаток од најмалку пет судии и 10 стручни соработници. И покрај ваквата персонална состојба Основниот кривичен суд е ажурен суд кој успева да го совлада приливот на предмети, меѓутоа мора да се напомене дека за сметка на ажурноста на подолг рок може да трпи квалитетот на судската одлука заради што се препорачува:


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

***ПРЕПОРАКА: Итно да се изберат најмалку пет судии и 10 стручни соработници за кои биле обезбедени финансиски средства бидејќи се работело за упразнети работни места.***

Во однос на вработените од ИКТ областа, беше укажано дека во судот во моментот има еден информатичар и двајца техничари, што е недоволно за потребите на судот.

Беше истакнато дека АКМИС-от во Основниот кривичен суд Скопје целосно е во функција, и не постојат повеќе судски уписници каде предметот се придвижува рачно до стручен соработник и не постои рачна распределба на предмети, ниту незаведени предмети.

Исто така беше укажано дека не се прави надоградба на АКМИС-от, иако истата е потребна со оглед на фактот дека се воведуваат нови кривични дела, а истите не се внесуваат во АКМИС-от и потоа е невозможно да се вадат и обработуваат релевантни статистички податоци. Судот доставил допис до работното тело за стандардизација на постапките при користење на АКМИС при Врховниот суд на Република Северна Македонија но не добил никаков одговор ниту пак има информација дека работното тело одржало седница.

Ова е задача на работното тело за стандардизација на постапките при користење на АКМИС-от при Врховниот суд на Република Северна Македонија заради што се дава следната:

***ПРЕПОРАКА: Основниот кривичен суд Скопје повторно да се обрати до Работното тело за стандардизација на постапките при користење на АКМИС при Врховниот суд на Република Северна Македонија согласно членот 10 од Судскиот деловник, а и согласно оваа препорака да преземат мерки за усогласување на АКМИС со важечките прописи и норми.***

Надзорната комисија побара документацијата наведена во гореспоменатиот допис да биде доставена на увид и притоа, во однос на бараните документи беше утврдено следното:


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

1. **Одлуките за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2019, 2020 и 2021 година.**

Беше констатирано дека се донесени одлуки за формирање на работното тело за управување со движење на предметите во судот и истите се менуваат доколку постои измена во персоналниот состав, 02 Су.бр.150/19, 02.Су.бр. 49/20 и 02.Су.бр. 34/21.

2. **Годишен план за управување со движењето на предметите за 2019, 2020 и 2021 година по предлог на Работното тело.**

Констатирано е дека Годишни планови за управување со предметите се донесени, 02.Су.бр.35/2021, 02.Су.бр. 58/2020 и 02. Су.бр. 48/2019.

3. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно за 2019, 2020 и 2021 (член 17 од СД).**

Надзорната комисија беше известена дека секој судски оддел има одговорен судски службеник кој ја следи работата во одделот и доколку се појави некој проблем се известува одговорниот судија, администраторот и претседателот на судот и проблемот се решава на седница на Работното тело во судот, за што се воделе записници од 2021 година.

4. **Извештаите на повисокиот суд за работата на Основниот кривичен суд Скопје за 2019, 2020 и 2021 година.**

Беше утврдено дека последниот надзор на повисокиот суд над работата на Основниот кривичен суд Скопје била во 2020 година заведена под Су.бр. 03-273/19, 5.5.2017 година.

***ПРЕПОРАКА: Се препорачува Апелациониот суд Скопје да врши редовни надзори над работата на Основниот кривичен суд Скопје.***


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**5. Записници од одржани седници на месечно ниво (членови 19 и 22 од СД) и увид во записници.**

Комисијата беше известена дека се одржуваат седници на судии најмалку еднаш месечно, а по потреба и почесто и податоци за истите се содржани во кварталните извештаи на судот.

**6. Организирани обуки и судски службеници за користење на АКМИС (член 26 од СД).**

Не се одржуваат обуки за работење на АКМИС системот. Беше истакната потребата за контиунирана и систематска обука на информатичарите и вработените во судот за работењето на АКМИС-от пред се заради истородно постапување на судовите во исти работи.

***ПРЕПОРАКА: да се дефинираат потребите за континуирана обука за користење на АКМИС и барањето да се достави до Академијата за судии и јавни обвинители за реализација.***

**7. Судски администратор (член 60 од СД).**

Судот има судски администратор, Дејан Нешовски со што е надмината препораката од 2019 година.

**8. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период (член 61 од СД).**

Надзорната комисија констатираше дека е изготвен список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период, заведен под Су.бр.107/21 и Су.бр.321/20 со што е надмината препораката од 2019 година до кога не беше изготвуван список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи. Безбедноста е решена на различни нивоа.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**9. Достава на извештај за реализација на програма за работа најдоцна до 1 март до Судскиот совет, од страна на претседателот на судот.**

Претседател на судот врши редовна достава на извештај за реализација на програма за работа до Судскиот совет на Република Северна Македонија, Апелациониот суд, Врховниот суд и Министерството за правда.

**10. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, исто за период од три последни години (член 61 од СД).**

Надзорната комисија утврди дека се изготвени внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период, заведени под 03.Су.бр.338/21.

**11. Број , вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД).**

Согласно годишниот распоред за работа на судот за 2019 година, работата е организирана во следните оддели: Оддел за кривично полнолетни, Оддел малолетнички криминалитет – деца, Оддел за прекршоци и Специјализирано судско одделение надлежност за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција за целата територија на Република Северна Македонија.

**12. Формиран оддел за судска практика во судот (член 74 од СД).**

Комисијата е информирана дека на ниво на оддел главно се постапувало по одлука на повисокиот суд. Доколку е појавело правно прашање или дилема истото се расправало на ниво на оддел и се завземал став кој главно се почитувал.

**13. Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура, за 2019, 2020 и 2021 година, дали се донесени до 31.12 во тековната година, колку пати се менувани и дали е запазена процедурата (мислење од седница на судии и достава до сите судии (член 113 од СД).**

Годишниот распоред за работа на Претседателот на судот и судиите во Основниот кривичен суд Скопје за 2020 година е донесен и заведен под Су.бр.102/20.

Измени на Годишен распоред на судии се врши по законски основ и тоа: ако има новопримени судии, долготрајно боледување, мерки од КОВИД пандемијата, избор во повисок суд или разрешувње.

**14. Месечните распореди и времетраење на дежурста во судот, евидентирани во АКМИС за 2019, 2020 и 2021 година (116).**

Надзорната комисија од увидот во документацијата констатираше дека редовно се прави распоред на дежурства утврдени на месечно ниво, и уредно се доставуваат до јавните обвинителства и МВР.

**15. Простории за судии поротници и за адвокати (член 120 од СД).**

Надзорната комисија изврши увид во просториите на судот и констатираше дека има просторија за адвокати, но не и за судии поротници.

**16. Огласна табла на судот (член 122 од СД).**

Судот располага со огласни табли кои се во функција, поставени на видливо место.

**17. Формирана канцеларија за односи со јавност која на барање на странка доставува анонимизиран примерок од одлука (член 101).**

Комисијата беше известена дека судот има формирано канцеларија за односи со јавноста и има вработено портпарол. Претседателот на судот е воедно и претседател на Судско-медиумскиот совет и соработката со медиумите била на ниво.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Воедно, од увидот во просториите на судот, беше констатирано дека во судот има просторија за новинари со 3 функционални компјутери и екран каде новинарите може да ги следат судењата во посебната судница која е технички опремена за таа намена.

Исто така, на барање на странка се доставува аноминизиран примерок од одлука.

**18. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети и негово физичко присуство (член 89 од СД).**

Автоматска распределба, како и прераспределба на предмети се врши од страна на водителот на уписник во секој оддел врз основа на одлука од претседателот.

Исто така, надзорната комисија беше известена дека е определен администратор на АКМИС, информатичар Александар Неделковски.

**19. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2019, 2020 и 2021 година(175 став 5 СД).**

Надзорната комисија изврши увид во дел од одлуките за исклучување на судија од распределба на предмети во АКМИС-от. Беше констатирано дека одлуките се уредно донесени, образложени и соодветно заведени.

**20. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС).**

Комисијата констатира дека се изготвуваат месечни извештаи на работното тело. Беше извршен увид во Су.бр.468/21 од 2021 година. Ова е надмината препорака од последниот надзор над Комисијата за увид.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**21. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради иземање на судија, и одлуките за изземање за 2019, 2020 и 2021 година.**

Надзорната комисија изврши увид во одлуки за повторна автоматска распределба заради изземање на судиите. Беше констатирано дека одлуките се уредно донесени, образложени и соодветно заведени. Во изреката на одлуките јасно стои дека повторната распределба треба да се изврши преку АКМИС-от. Увид во Изз.бр.117/21 од 29.12.2021 година.

**22. План за годишен одмор на судиите, за 2019, 2020 и 2021 година 115 СД).**

Надзорната комисија констатира дека е донесен план за годишен одмор на судиите.

**23. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот.**

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците за 2019, 2020 и 2021 година.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени на автоматска распределба (КИ-1, К-ПОВ, КУК, УЗКМБ, ИСАМ, ИСАМ-Д, ИСАМ-ВМ, ИСАМ-Л, ИСАМ-ПС, ИКП, КУИКМ, ИОИП, ИОИП-МБ, ИОИП-ПД, ИПРК, КИ, КС, КСМ, К, КМ, УОСК, К-ПП, КОК-ПП, КОК, К-ООА, КОК-ООА, КУИКП, КПОВ, КП, КПМ, ПК, ПРК-Ј, ПРК-С, ПРК-О, ПРК-М, КСП, КСП-КОК, КС-КР, КОК-КР, КРМ, УО, УО-КМ, КОК-УОПК, КНЗД, ОКЗНД, УОПК, УОПК-КМ), но постојат и уписници по кои постапува само еден судија и тоа: КС-КОК, КОК-КУК, КОК-ПОВ, КОК-КП, КСП-КОК, КОК-КР, КОК-УОПК, ПРК-ПОВ.

Уписниците од Судска управа по кои постапува претседателот на судот се водат во АКМИС-от, додека актите се изготвуваат во word. Исто така, претседателот на судот постапува и по уписниците: КРМУ, ЗАМ-С, КР и ПРК-Р.

Редовните предмети се распоредуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, освен поврзаните предмети, итните предмети и предмети од уписници за кои е доделен само еден судија со годишниот распоред за работа.

Забележани се по две распределби на ист датум во уписниците кои се практикуваат само заради итните предмети како што се притворските предмети, на пример на 13.01.2021, 17.03.2021, 06.05.2020, 12.06.2020.

Исто така, забележани се исклучување и вклучување на судија на ист ден, но истите се со одлука на претседателот на судот. На пример на 28.06.2019, 19.04.2021 година. Тоа се случува кога се распределува итен предмет и заедно со итниот предмет се пуштаат на автоматска распределба сите заведени предмети.
Судот појасни дека постојат ситуации кога судијата е исклучен од прием на итни предмети, но на истиот му се доделуваат редовни предмети, кои немаат итен карактер и затоа се појавуваат вакви ситуации каде еден ист судија во ист ден е исклучен од распределба на итни предмети но е вклучен за распределба на редовни предмети.

**24. Сите одлуки за рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2019, 2020 и 2021 година.**

Како рачна распределба преку АКМИС-от се водат укинати предмети, раздвојување на предмети и повторување на постапка бидејќи прдметот треба да се врати на веќе избраниот судија. Доколку судијата кој постапувал по предметот не е веќе во тој оддел или е заминат се става на автоматска распределба преку АКМИС-от.

**25. Преглед на информатичката опрема со која располага судот.**

На надзорната комисија и беше доставен на увид список на информатичка опрема со која располага Основниот кривичен суд Скопје од кој беше констатирана истата состојба од претходниот надзор дека во судот е неопходно да се изврши попис на информатичката опрема, и воедно оштетената и нефункционалната опрема да се предложи за расход.

За време на надзорот е заклучено дека капацитетот на серверот во судот е недоволен за нормално функционирање на АКМИС-от. Бевме информирани дека редовно зачувување на потребните резервни копии на податоци се врши на посебен уред (Storage). Исто така, за време на надзорот беа констатирани технички проблеми

во функционирањето на АКМИС-от, и не можеше да се изгенерираат дел од контролниците и прегледот за распределба на предметите со што беше отежнат увидот во работењето на АКМИС-от.

***ПРЕПОРАКА: ИТНО да се зајакнат капацитетите на серверите во судот за да се овозможи непречено фуннкционирање на АКМИС-от, да се набават нови скенери кои ќе ги задоволат потребите и да се обноват дел од работните станици.***

**26. Скенирање на влезни документи**

Надзорната комисија беше информирана дека се скенираат влезни документи и тоа иницијални акти со оглед на фактот дека судот не располага со доволен број на скенери. Исто така, комисијата беше информирана дека Основниот кривичен суд Скопје располага со 7 (седум) скенери што не е доволно за непречено функционирање на истиот.

***ПРЕПОРАКА: Се препорачува да се обезбеди техничка опрема и човечки персонал за надминување на проблемот.***

**27. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник.**

Од страна на комисијата на денот на надзорот беше констатирано дека автоматската распределба на предметите во судот во различни оддели се врши на различен начин и во различен термин. Итните предмети се распределуваат веднаш. Исто така, на денот на надзорот немаше нераспределни предмети со датум на внес постар од тековниот. Предметите редовно електронски се праќаат до судиите.

***ПРЕПОРАКА:*** **Да се донесе одлука за определување на времето за автоматска распределба на редовните предмети во судот и истите да се распределуваат исклучиво еднаш во текот на денот. Додека итните предмети да се распределуваат одвоено од редовните предмети согласно можноста што ја овозможува системот.**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**28. Објавен број на анонимизирани судски одлуки на судски веб портал во однос на вкупен број одлуки донесени во судот.**

Надзораната комисија беше информирана дека во судот се објавуваат анонимизирани одлуки на судскиот веб портал и тоа: во 2019 година се објавени 1656 анонимизирани одлуки, во 2020 година се објавени 1814 анонимизирани одлуки, додека во 2021 година се објавени 1846.

**29. Електронски прием на предмети од страна на судиите.**

Надзорната комисија беше информирана дека електронското прифаќање на предметите од страна на судиите се врши редовно.

**30. Уписници што се водат во хартиена форма.**

Надзорната комисија беше информирана дека не се води ниту еден уписник во хартиена форма.

Увидот заврши на ден 20.04.2022 година во 15.00 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk